# СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТ

Скопје, 06.07.2017

**Проект: Создавање можности за вработување на младите од руралните средини**

Центарот за економски анализи – ЦЕА заедно со ФФРМ го спроведуваат проектот **“Создавање можности за вработување на младите од руралните средини”** финансиран од Европската Унија, преку ИПА Програмата за Развој на човечки ресурси.

Целта на проектот е ***олеснување на вклученоста на младите од руралните средини на пазарот на трудот во Североисточниот плански регион.*** Проектот ја поддржува социјалната вклученост на младите од руралните средини, преку зголемување на вештините за вработување, обука и поддршка за полесно вклучување на пазарот на труд преку практична работа и учење при што би се придонело кон економски и социјален развој на општините во Североисточниот плански регион во Македонија.

Во рамките на проектот, во текот на 2016 година беа отворени и опремени локални канцеларии/работни клубови во склоп на три општини од Североисточниот регион: Општина Липково, Крива Паланка и Старо Нагоричане, во кои младите невработени од руралните средини имаа можност да вршат практична обука, која ќе овозможи транзиција на младите кон вработување при тоа стекнувајќи искуство како практиканти. **По едногодишно успешно функционирање и воспоставена и ифраструктура на Работните клубови, целосната опрема од проектот беше предадена на Општините Липково, Старо Нагоричане и Крива Паланка,** кои во иднина ќе имаат можност сами да го продолжат функционирањето на истиите.

Имплементацијата на проектот започна во декември 2015 година и се очекува да трае до август 2017.

Буџетот предвиден за имплементација на проектот изнесува 160.161,63 евра.

Повеќе информации за проектните активности можете да добиете на телефон 02/2444 766, на e-mail: info@cea.org.mk или посетете ја веб страницата www.cea.org.mk.





Овој проект е финансиран од Европската Унија

CEA Center for Economic Analyses
ФЕДЕРАЦИЈА НА ФАРМЕРИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Проектот е имплементиран од
Центар за Економски Анализи и Федерација на Фармерите на РМ